**ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТ/КА ЗА ИЗРАБОТКА НА АНАЛИЗА НА ЕВРОПСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ ПОВРЗАНИ СО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ**

## 1. Контекст на задачата

Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност претставува национална, мултиетничка, мултигенерациска, креативна мрежа ориентирана кон иднината и посветена на постигнување родова еднаквост, развој, заштита на женските/човекови права и мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите.

За спроведувањето на својата програма за 2024 НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Во согласност со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родова рамноправност и почитување на човековите права во Република Северна Македонија. Една од целите кон кои НСРР се стремии во овој период е:

- *Еднакво учество на жените во политичкиот и јавниот живот и во сите сфери на општеството.*

Спроведувањето на активностите од годишната програма е следено од страна на надворешена експерка.

## 2. Опис на работни задачи и испорачани услуги

Фокусот на анализата е насочен кон политичкото зајакнување на жените во Република Северна Македонија преку сеопфатна анализа на ефектите од родовите квоти и останатите позитивни мерки, компаративна анализа со избрана земја од Европската Унија и формулирање на препораки поткрепени со релевантни факти.. Наодите од оваа анализа ќе послужат како основа за поднесување на иницијативи кон креаторите на политиките, застапниците и сите засегнати страни.

**Анализата треба да опфати :**

1. Идентификација и анализа на правната рамка поврзана со родовата рамноправност и политичкото јакнење на жените на ниво на Северна Македонија, со посебен фокус на квотите за застапеност на жените во Собранието:
   - Анализа на имплементацијата и влијанието на квотите и мерките за застапеност на жените во РСМ;

2. Изработка на компаративна анализа помеѓу земја во рамки на Европската Унија и Република Северна Македонија, со фокус на застапеноста на жените на лидерски позиции и ефикасноста на механизмите ( квоти и мерки за застапеност на жените во процесите на донесување на одлуки):
   - Идентификација на клучните предизвици и можности во промоција на политичкото јакнење на жените;
3. Развивање на практични препораки насочени кон подобрување на родовата рамноправност и поддршка на активното вклучување на жените во политичите процеси, како и зголемување на учеството на жените на високи лидерски позиции во нашата држава.

**4. Очекувани резултати:**

1. Изработена анализа со осврт на важноста на квотите и механизмите за застапеност на жените во политиката во РСМ;
2. Компаративна анализа фокусирана на положбата жените во политиката во РСМ во однос на европскиот контекст;
3. Јасни препораки отсликувајќи ги чекорите што може да ги превземе РСМ, со цел да ја зголеми вклученоста на жените во политичкото лидерство.

## 4. Времетраење и период на спроведување на активностите

За овој ангажман се предвидени вкупно 15 работни денови. Активностите треба да се реализираат во период од јули до октомври 2024 година. Анализата треба да биде изработена на македонски јазик.

## 5. Квалификации и барања кои треба да ги задоволи експертот/ката

Експертот/ката се очекува да ги исполнува следните критериуми:

*Општо професионално искуство*

- Високо образование од областа на општествени науки.
- Минимум 5 години работно искуство.

*Специфично професионално искуство и вештини*

- Искуство во работа со претставници од државни институции, граѓански организации;
- Искуство во спроведување на анализи;
- Широко познавање и работно искуство во рамките на политичко зајакнување на жените и родовата рамноправност;
- Одлично познавање на македонски јазик.
- Способност за работење со кратки рокови и навремено испорачување на услуги.

## 6. Пријавување и избор

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Писмо за изразување интерес;
- Професионално CV;
- Најмалку три референци за реализација на слични ангажмани;
- Финансиска понуда, која вклучува надомест по ден во бруто износ изразена во македонски денари, со вклучен персонален данок на доход.

Пријавите треба да се доставаат најдоцна до **10.06.2023** на е-пошта: sozm@t.mk и teazografska@gmail.com и stankovikmartina@gmail.com , со предмет: **Апликација за ЕКСПЕРТ/КА ЗА ИЗРАБОТКА НА АНАЛИЗА.**

Критериуми за избор на модераторот/ката се претходното релевантно професионално искуство, квалитетот на предложената методологија и финансиската понуда. Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор може да бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.